РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 02-1342/1
27.09.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ MINISTRIA E FINANCAVE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр. Nr 03-1405/1
19-09-v. 2022 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 02-8212/1
20-09-2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
KOMISIONI SHTETËROR I ANKESAVE PËR FURNIZIME PUBLIKE
Бр.-Nr. 03-328/1
21 09 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Бр.-Nr. 03-49/8
21.09 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

**Бирото за јавни набавки**, застапувано од Директорот Борче Хаџиев,

**Државниот завод за ревизија,** застапуван од Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски,

**Државната комисија за жалби по јавни набавки,** застапувана од Претседателот м-р Кирил Каранфилов,

**Државната комисија за спречување на корупцијата**, застапувана од Претседателот Билјана Ивановска и

**Комисијата за заштита на конкуренцијата,** застапувана од Претседателот проф. д-р Владимир Наумовски, склучуваат

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## Член 1

Целта на овој Меморандум е да се утврди рамката во која се реализира соработката меѓу институциите – потписници за работи од заеднички интерес поврзани со координирање и усогласување на праксата на јавни набавки и унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија.

## Член 2

Институциите – потписници на овој Меморандум се согласни да воспостават неформално советодавно тело за координација кое би имало за цел во духот на меѓусебна соработка и разбирање:

- да придонесе за усогласена примената на одредбите од Законот за јавните набавки и подзаконските акти што произлегуваат од истиот,

- да послужи за размена на искуства од делокругот на нивните надлежности поврзани со системот на јавните набавки,
- да ја унапреди меѓусебната соработка и
- координација во унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија.

**Член 3**

Бирото за јавни набавки ќе ја координира работата на советодавното тело, односно ќе ги свикува и организира состаноците и ќе обезбеди логистичка поддршка на неговата работа.

**Член 4**

Со цел ефикасно следење на обврските од овој меморандум, договорните страни ќе назначат овластени лица за соработка.

**Член 5**

Советодавното тело ќе се состанува најмалку еднаш секој квартал во годината.

Секоја институција – потписник на овој Меморандум може да побара да се одржи состанок по потреба.

**Член 6**

Институциите – потписници се обврзуваат целокупната меѓуинституционална комуникација да ја остваруваат согласно законските надлежности и врз основа на принципите на доверливост и взаемна почит.

**Член 7**

Меморандумот за соработка се потпишува за времетраење од две години.

**Член 8**

Институциите – потписници се обврзуваат дека, по истекот на важноста на овој Меморандум, ќе направат проценка за неговите ефекти врз зајакнувањето на соработката и по потреба ќе го продолжат важењето на истиот.

**Член 9**

Секоја од институциите – потписници може да го отповика овој Меморандум.

Институцијата – потписник која го отповикува Меморандумот е должна за тоа писмено да ги извести другите институции – потписници.

**Член 10**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на склучувањето.

**Член 11**

Меморандумот е составен во пет (5) еднообразни примероци, од кои по еден (1) еднообразен примерок за секој од потписниците.

Склучен во Скопје,

_______________________ година

Биро за јавни набавки
Директор,
Борче Хаџиев

_______________________

Државна комисија за жалби по јавни набавки
Претседател,
м-р Кирил Каранфилов

_______________________

Државна комисија за спречување на корупцијата
Претседател,
Билјана Ивановска

_______________________

Државен завод за ревизија
Главен државен ревизор,
м-р Максим Ацевски

_______________________

Комисија за заштита на конкуренцијата
Претседател,
проф. д-р Владимир Наумовски

_______________________